РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-11
05.06.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:**

**Предмет:** **Одговор на Претставка за реалното шоу „Гола привлечност“ емитувано на ТВ Канал 5**

Почитуван

Агенцијата ја прими Вашата претставка (наш бр. УПП 03/11 од 27.05.2024 г.) за емитувањето на епизода од реалното шоу „Гола привлечност“ на ТВ Канал 5, во која наведувате дека: *„оваа емисија содржи еротска порнографија и хомосексуална содржина, која е многу вознемирувачка и одвратна за гледање“* и барате одговор на повеќе прашања во врска со тоа дали нејзиното емитување е законско, односно како тоа да се спречи, која е разликата помеѓу порнографија и еротика, како и за тоа кои се правните механизми за жалба доколку Агенцијата не го спречи прикажувањето на емисијата.

Агенцијата изврши увид во емитуваната програма на Канал 5 за време на викендот пред добиената Претставка. Утврдивме дека епизодата од реалното шоу „Гола привлечност“ е емитувана на 26 мај 2024 во периодот од 00:06:00 до 00:52:48, со ознака „Х 18+“, односно означена како - програма од петта категорија што не е соодветна за публика под 18 години. Оттаму, може да Ве информираме за следното:

- „Гола привлечност“, според Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми достапно на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk е подвид на програми со забавна функција во формат на реалистична телевизија. Емисијата има еротска содржина, односно редовно се прикажуваат голи тела бидејќи дејството се однесува на социјален експеримент за избор на партнер/ка, врз основа на изгледот на голото човечко тело. Притоа, не се дискриминира врз основа на сексуална ориентација, односно изборот може да биде или меѓу хетеросексуалци, или меѓу хомосексуалци, како што е случајот со изданието од 26 мај 2024, кое се состои од два дела, при што во вториот дел е претставен хомосексуален, односно лезбијски избор на учесничката во шоуто;

- Со членот 50 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) е пропишано дека радиодифузерите „не смеат да емитуваат или да

пренесуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или на моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или прекумерно насилство". Во ставот 3 е пропишано дека другите програми (освен порнографијата или прекумерното насилство) „кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот и на моралниот развој на малолетните лица се обезбедуваат од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги така што малолетните лица да не можат на вообичаениот начин да ги видат или да ги слушнат програмите", а Агенцијата (согласно став 6) ги пропишува „техничките мерки, периодите на емитување, акустичното предупредување, визуелните знаци и начинот на постапување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги во случаите од ставовите (1) и (3)" на членот 50.

- Врз оваа основа, Агенцијата го има донесено Правилникот за заштита на малолетните лица, кој исто така е достапен на веб страницата на Агенцијата. Во него се определуваат начинот на категоризација и периодите на емитување на аудиовизуелните програми што можат штетно да влијаат врз физичкиот, психичкиот и моралниот развој на малолетните лица, облиците на акустично и визуелно предупредување, визуелните знаци, техничките мерки за заштита на малолетните лица. Со Правилникот е утврдено и емитувањето еротика (во член 5), а медиумскиот третман на сексуално однесување забрането со закон, како и на непристојните изрази и гестови е утврден во член 6 и во член 7.

- Според критериумите за категоризација (член 14), наменета за заштита на малолетната публика, „Гола привлечност" е програма од петта категорија бидејќи во неа има прикази на еротски односи, односно таа не е соодветна за публика под 18 години, смее да се емитува само помеѓу 00:00 и 05:00 часот и притоа мора да биде јасно означена со визуелна и акустична предупредувачка сигнализација (членови од 15 до 21). Исто така, објавите за оваа категорија програми не смеат да се емитуваат пред 22 часот (член 22).

- Увидот во програмата на ТВ Канал 5 покажа дека, при емитувањето на емисијата „Гола привлечност" на 26 мај 2024, радиодифузерот постапил соодветно согласно одредбите од ЗААВМУ и од Правилникот за заштита на малолетните лица. Емисијата ја категоризирал соодветно, предупредувачката сигнализација што се аплицира во текот на програмата е соодветна за петтата категорија програми и се емитува во периодот од 00:00 до 05:00 часот.

- Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радијата и телевизиите се независни во својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за своите програми и периодите на нивно емитување. Почитувањето на уставното право на слобода на изразување е клучно за нивната работа и може да се ограничи само под услови утврдени со закон, односно при емитување содржини кои сериозно можат да им наштетат на малолетните лица, како програми со порнографија и прекумерно насилство (член 50) и содржини со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, и се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз која било основа вклучувајќи ја и сексуалната ориентација (член 48);

- Агенцијата уште при првите емитувани емисии и добиени претставки во 2023 година направи увид во изданијата на реалното шоу „Гола привлечност" емитувани на ТВ Канал 5 на 13 и на 14 мај 2023 година, и констатираше дека степенот на голотија е поголем од она што гледачите очекуваат и се навикнати да гледаат на терестријална телевизија, и дека начинот на нејзино прикажување е соодветен само за возрасна публика. Од овие причини, Агенцијата одржа работен состанок со управителот на ТВ Канал 5 на 18.05.2023 година, на кој беше разговарано емитувањето на шоуто да се означи со класификациска ознака 18+ и да се емитува во термини по полноќ до 5 часот наутро. Агенцијата инсистираше и инсистира радиодифузерот да се придржува до ваквата категоризација на шоуто и периодите на негово емитување;

- Со оглед на претходно изнесеното, а земајќи ги предвид и уставните начела кои како темелна вредност ја гарантираат и независната уредувачка политика на медиумот, Агенцијата во моментов смета дека со емитувањето на реалното шоу „Гола привлечност" ТВ Канал 5 не го прекршува членот 50, ниту пак ги исполнува условите за ограничување на емитувањето од член 48 „Посебни забрани" од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Напротив, токму имајќи го предвид членот 48, забраната на оваа емисија поради тоа што во неа има прикази на хомосексуалност би претставувала дискриминација и цензура.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување на директорот,**

**Цветанка МИТРЕВСКА**